Република Северна Македонија

Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2021 година

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

Резиме ........ 2

1. Реален сектор

Индустриско производство ........ 3

Број на работници во индустријата ........ 4

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ........ 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ........ 5

Инфлација ........ 6

Берзански цени ........ 8

2. Надворешнотрговска размена

Извоз ........ 9

Увоз ........ 11

Салдо на трговска размена ........ 12

Валутна структура ........ 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи според економската класификација ........ 13

Буџетски расходи според економската класификација ........ 14

Буџетско салдо.. ........ 16

Расходи по буџетски корисници ........ 17

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенција за вработување ........ 18

Плати ........ 19

Пензии ........ 19

5. Монетарен и финансиски сектор

Примарни пари ........ 21

Депозитен потенцијал ........ 21

Кредити на банките ........ 22

Каматни стапки на депозитни банки ........ 22

Пазар на капитал ........ 23

Девизни резерви ........ 23



Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 бр. Q-13700/0

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2021 година

- Индустриското производство во март 2021 година забележа раст од 7,6% во споредба со истиот месец претходната година;
- Потрошувачките цени во март 2021 година се зголемија за 2,1% во однос на март 2020 година;
- Во периодот јануари - март 2021 година извозот забележа раст од 18,0%, а увозот раст од 14,1%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 3,3%, споредено со истиот период од 2020 година;
- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2021 година изнесуваа 48.549 милиони денари, односно 6,9% од БДП, што претставува повисоко остварување за 4,4% во однос на истиот период од 2020 година;
- Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2021 година изнесуваа 55.412 милиони денари, односно 7,8% од БДП, што е за 2,8% повеќе во однос на истиот период претходната година;
- Вкупните кредити на банките во март 2021 година се зголемија за 5,2% во споредба со март 2020 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 7,4%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Индустриското производство во март 2021 година забележа раст од 7,6% во споредба со истиот месец претходната година. Растот во март 2021 година се јавува како последица на зголеменото производство во секторите Преработувачка индустрија од 6,2% (придонес од 4,9 п.п.) и Снабдување со ел. енергија, гас, пареа и климатизација од 31,0% (придонес од 3,1 п.п.), а е ублажен со падот во секторот Рударство и вадење камен од 2,3% (придонес од -0,3 п.п.).

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Раст на производството во март 2021 година бележат 13 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 62,2% од вкупната индустрија. Од гранките со повисока додадена вредност, раст во март 2021 година е забележан кај производството на електрична опрема од 72,8% и придонес од 2,6 п.п., кај производството на машини и уреди од 34,3% и придонес од 2,1 п.п., како и кај производството на моторни возила од 7,2% и придонес од 0,8 п.п.. Од традиционалните гранки, во март 2021 година прехранбената индустрија забележа раст од 2,8% (придонес од 0,3 п.п.), додека производството на облека забележа пад од 1,9% (придонес од -0,1 п.п.), а производството на тутунски производи опадна за 0,8% со незначителен придонес.

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2021 година)*




Извор: ДЗС.

Растот на производството според намената на произведените единици во март 2021 година е последица на зголеменото производство на интермедијарни



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

производи, освен енергија за 20,3% (придонес од 6,3 п.п.) и нетрајни производи за широка потрошувачка од 7,6% (придонес од 2,5 п.п.).

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, март 2021 година)*




1 - Производство на фабрикувани метални производи
2 - Производство на основни фармацевтски производи и препарати
3 - Производство на пијалаци
4 - Вадење на компјутерски, електронски и оптички производи
5 - Производство на производи од гума и пластични маси

Извор: ДЗС.

На кумулативна основа, во првите три месеци од годината индустријата опадна за 6,1%, што се должи на намаленото производство во секторите Преработувачка индустрија од 4,9% (придонес од -3,8 п.п.) и Рударство и вадење камен од 21,8% (придонес од -2,4 п.п.), додека во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација е забележан раст од 3,6% (придонес од 0,4 п.п.). Од индустриските гранки, највисок придонес во растот имаат производството на машини и уреди од 1,5 п.п. при раст од 24,4%, производството на електрична опрема од 1,2 п.п. при раст од 34,2%, како и производството на хемикалии и хемиски производи од 0,7 п.п. при раст од 40,4%.

Според намената на произведените единици, пад во периодот јануари – март 2021 година бележат сите гранки освен гранката Интермедијарни производи освен енергија, а падот е најизразит во гранките Капитални производи од 13,2% и придонес од -2,9 п.п., како и Енергија од 22,1% и придонес од -2,7 п.п..

## Број на работници во индустријата

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Бројот на работници во индустријата во март 2021 година е намален за 3,0%. Падот се должи на намалениот број работници во сите сектори, и тоа: Рударство и вадење камен од 6,6%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,0% и Преработувачка индустрија од 2,7%. Сепак, постојат гранки со раст на вработеноста, како што се производството на фабрикувани метални производи со раст од 10,8% и производството на останата транспортна опрема со раст од 8,9%.

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2021 година во однос на истиот период минатата година покажуваат дека намалување на бројот на работници има кај сите групи, освен кај трајните

производи за широка потрошувачка, а тоа е најизразито кај нетрајните производи за широка потрошувачка од 4,0% и енергијата од 3,8%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари – март 2021 година бележи пад од 3,5%, што се должи на намалениот број работници во сите сектори, односно во Рударство и вадење камен од 6,9%, во Преработувачка индустрија од 3,3% и во Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 2,9%.

Во поглед на наменските групи, бројот на работници во индустријата во првите три месеци од 2021 година е намален кај сите групи, а падот е најизразит кај групата Нетрајни производи за широка потрошувачка од 4,1%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2021 година е поповолна споредено со претходниот месец, како и во однос на март 2020 година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март изнесува 71,1% од нормалното искористување, што претставува раст споредено со февруари 2021 година кога изнесувало 70,7%. На годишна основа, искористеноста на капацитетите е зголемена за 3,8 п.п..

**Графикон 1.5:** Деловни тенденции во преработувачка индустрија




Најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството во март имаат следните фактори: недоволната странска побарувачка со 21,4%, неизвесното економско окружување со 15,9%, недостигот на квалификувана работна сила со 14,9%, недоволната домашна побарувачка со 14,2%, финансиските проблеми со 9,3% и други фактори.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2021 година во однос на претходниот месец е поповолна, како и очекувањата за обемот на производството во наредните три месеци, а залихите на готови производи на месечна основа се намалени.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2021 година издадени се вкупно 338 одобренија за градење, што претставува раст од 54,3% во однос на истиот месец од 2020 година. Споредено со февруари 2021 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 2,3%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во

март 2021 година во однос на март 2020 година е повисока за 91,1%, а на месечна основа бележи раст од 13,7%.

**Графикон 1.6:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 214 (или 63,3%) се наменети за објекти од високоградба, 41 (или 12,1%) за објекти од нискоградба и 83 (или 24,6%) за реконструкција на објекти.

**Графикон 1.7:** Структура на издадените одобренија за градење по региони *(март 2021)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 338 издадени одобренија за градба, на 220 објекти (или 65,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 118 објекти (или 34,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во март 2021 година предвидена е изградба на 488 станови, со вкупна корисна површина од 47.831 $м^2$. Бројот на предвидени станови за изградба на месечно ниво е намален за 46,2%, а на годишно ниво е двократно зголемен.

**Графикон 1.8:** Предвидена вредност на објектите по региони
*(во милиони денари)*




## Инфлација

Потрошувачките цени во март 2021 година се зголемија за 2,1% во однос на март 2020 година. Забрзувањето на растот на стапката на инфлација произлегува најмногу од зголемувањето на цените на храната, алкохолот и тутунот, како и на цените на енергијата (цената на електричната енергија се зголеми во август со одлука на РКЕ за 7,4%). Претходниот месец цените регистрираа раст од 1,9% на годишно ниво. Стапката на инфлација во првите три месеци од 2021 година изнесува 2,0%. Стапката на инфлација во 2021 година се очекува да остане стабилна и да се движи во рамките на проекциите, меѓутоа сè уште е нагласена неизвесноста од движењето на светските цени на

примарните производи во следниот период, како резултат на пандемијата на ковид-19.

Стапката на инфлација во еврозоната во март достигна 1,3% на годишно ниво по растот од 0,9% во февруари, што се должи главно на значителниот раст на цените на енергијата, како и на зголемувањето на цените на услугите.

**Графикон 1.9:** Инфлација според COICOP
(*стапки на раст во %*)




Извор: ДЗС.

Во март 2021 година, цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, којашто има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, се зголемија за 1,7% на годишно ниво. Зголемувањето се должи на порастот на цените во повеќе поткатегории, а најмногу поради растот на цените во категоријата Масла и масти (14,0%).

Највисок годишен раст на цените во март 2021 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели од 5,2% следен со порастот на цените во категориите Домување, вода, електрика, гас и други горива од 4,5%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 4,3%, Здравствена заштита од 2,5%, Транспорт од 2,3%, Рекреација и култура од 1,7%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 1,5%, Разновидни стоки и услуги од 1,0% и Образование од 0,1%.

**Графикон 1.10:** Структура на инфлацијата според COICOP
(*придонеси во п.п.*)




Извор: ДЗС.

Пад на годишно ниво е регистриран во категориите: Облека и обувки од 1,1% и Комуникации од 0,1%.

Потрошувачките цени во март 2021 година се зголемија за 0,5% на месечно ниво (претходниот месец потрошувачките цени се зголемија за 0,1% на месечно ниво). Раст на цените на месечно ниво е регистриран и во категориите: Транспорт од 2,9%, Храна и безалкохолни пијалаци и Рекреација и култура од по 0,6%, Разновидни стоки и услуги од 0,4%, Ресторани и хотели од 0,2% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,1%.

Намалување на цените на месечно ниво е регистрирано во категориите: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 0,4%, Облека и обувки од 0,3% и Комуникации од 0,1%. Цените во другите категории останаа непроменети.

Цените на мало во март 2021 година во однос на истиот месец претходната година се зголемија за 2,6%, а на месечна основа регистрираа зголемување од 0,6%.

## Берзански цени

Цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи во март 2021 година во однос на февруари 2021 година се зголеми за 5,2% и изнесува 65,2 долара за барел, со што го надмина нивото пред почетокот на пандемијата. Во текот на 2020 година индустријата и економската активност во светот беа силно погодени од ограничувачките мерки за спречување на ширењето на коронавирусот. Како резултат на тоа, во април 2020 година цената на нафтата го достигна дното (Графикон 1.11.), по што следеше генерално нагорен тренд на движење до крајот на годината, но и почетокот на 2021 година. Цената на нафтата на годишна основа е зголемена двократно.

**Графикон 1.11:** Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Природниот гас кон крајот на 2019 година започна со тренд на надолно движење на цената, сè до почетокот на третиот квартал од 2020 година, кога неговата цена почна да забележува постепено зголемување. Трендот на раст се задржа до крајот на 2020 година и на почетокот на 2021 година, а се прекина во март 2021 година, кога цената на природниот гас забележа пад од 31,3%.

Слично како и патеката на цената на нафтата, цената на никелот бележи нагорен тренд по достигнувањето на дното во април 2020 година, во услови на постепено закрепнување на индустриската активност, тренд што се задржа до крајот на годината и продолжи во првите два месеца од 2021 година. Во март 2021 година прекина трендот на раст на цената на никелот, кога истата забележа месечен пад од 11,7%. Покрај никелот, месечен пад на цената во март забележа и оловото, со намалување на цената од 6,4%. Другите основни метали во март 2021 година споредено со претходниот месец бележат раст на цената. Така, цената на бакарот се зголеми за 6,1%, а на калајот за 2,8%, со што во март достигнаа највисоко ниво на цените во последните 10 години. Цените на

**Графикон 1.12:** Берзански цени на метали
*(цени во долари/тон)*




Извор: Светска банка.

алуминиумот и цинкот се зголемија за 5,4% и 1,7%, соодветно. Во март 2021 година, цената на железната руда се зголеми за 2,7% во однос на февруари 2021 година.

Во однос на благородните метали, златото во август 2020 година достигна историски највисока цена на светските берзи, по што следеше надолен тренд на движење на истата сè до крајот на годината. На почетокот на 2021 година цената на златото порасна, а во февруари и март забележа месечен пад од 3,2% и 5,0%, соодветно. Цената на среброто во март споредено со претходниот месец се намали за 6,0%, а на платината за 2,1%.

Цената на пченицата на светските берзи во март 2021 година на месечна основа се намали за 1,5%, а цената на пченката остана непроменета.

# *2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци од 2021 година изнесува 3.850,2 милиона евра и бележи раст од 15,7% во однос на истиот период од минатата година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во периодот јануари - март 2021 година, учеството на размената со Европската унија (ЕУ 27[1]), како најголем трговски партнер, е намалено за 1,0 п.п. споредено со истиот период од претходната година, и изнесува 60,5%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешно-трговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите три месеци од 2021 година изнесува 28,1% и е зголемено за 1,9 п.п. во однос на истиот период од 2020 година.

## Извоз

Вредноста на извезените стоки во периодот јануари - март 2021 година, изнесува 1.661,2 милиона евра и бележи раст од 18,0% (253,5 милиони евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на извозот бележи раст од 8,0%.

Вредноста на извезените стоки во март 2021 година изнесува 588,7 милиони евра и бележи раст од 36,7% (157,9 милиони евра) во однос на истиот месец претходната

[1] Започнувајќи од март 2020 година, Велика Британија се распределува во групацијата - Останати земји

година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 36,5% споредено со март од 2020 година.

Анализирано на месечно ниво, во март 2021 година извозот бележи раст од 8,0% (43,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, истиот регистрира месечен раст од 3,7%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (4,2 п.п.) врз извозот во овој месец.

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Главни групи производи (според СМТК[2]) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2021 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун и нафта и производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 44,1% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - март 2021 година споредено со истиот период од 2020 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија, Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион и Заедница на независни држави, додека пад има само кај групацијата Организација на земјите-извозннички на

**Графикон 2.3:** Структура на извозот по СМТК




Извор: ДЗС.

---

[2] Стандардна Меѓународна Трговска Класификација

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извозннички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

нафта и нафтени деривати. Извозот во ЕУ 27 бележи раст од 11,8% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан истиот бележи раст од 11,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 27 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Северна Македонија учествува со 80,1% и 9,6% соодветно.

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во периодот јануари - март 2021 година изнесува 2.189,0 милиони евра и бележи раст од 14,1% (270,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2020 година, а физичкиот обем на увозот бележи раст од 0,7%.

Вредноста на увозот во март 2021 година изнесува 818,7 милиони евра, што претставува раст од 34,8% (211,1 милион евра) во однос на истиот месец од 2020 година, а увезените количини стоки се зголемени за 25,1%.

Анализирано на месечно ниво, во март 2021 година увозот бележи раст од 9,7% (72,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, истиот регистрира месечен раст од 3,2%, што укажува на позитивното влијание на сезонскиот фактор (6,5 п.п.) врз увозот во овој месец.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 13.2 | 15.1 | 1.9 | 14.5 |
| Мил. ЕУР | 278.7 | 387.3 | 108.6 | 39.0 |
| Мил. $ | 307.6 | 467.5 | 159.8 | 52.0 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 8.0 | 8.6 | 0.6 | 7.7 |
| Мил. ЕУР | 51.0 | 60.0 | 9.0 | 17.6 |
| Мил. $ | 56.3 | 72.2 | 15.9 | 28.3 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 190.4 | 179.7 | -10.7 | -5.6 |
| Мил. ЕУР | 141.8 | 159.1 | 17.3 | 12.2 |
| Мил. $ | 156.4 | 191.8 | 35.4 | 22.6 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 187.2 | 174.1 | -13.1 | -7.0 |
| Мил. ЕУР | 86.6 | 99.5 | 12.9 | 14.8 |
| Мил. $ | 95.5 | 119.7 | 24.2 | 25.3 |

| Извоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15.4 | 21.6 | 6.2 | 40.0 |
| Мил. ЕУР | 218.7 | 253.3 | 34.6 | 15.8 |
| Мил. $ | 241.4 | 305.2 | 63.8 | 26.4 |
| *) Претходни податоци | | | | |

| Увоз на електрични машини и делови *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I-III-2020 | I-III-2021 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 15.6 | 17.7 | 2.1 | 13.2 |
| Мил. ЕУР | 181.8 | 199.5 | 17.7 | 9.7 |
| Мил. $ | 200.4 | 240.2 | 39.8 | 19.9 |

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - март 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 3,3% односно 16,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во март 2021 година, трговскиот дефицит се зголеми за 30,1% односно 53,2 милиона евра споредено со март 2020 година.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка. Од друга страна, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со стоки за инвестиции без транспортна опрема, горива и мазива и храна и пијалаци, како и зголемувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема.

Во периодот јануари - март 2021 година, 94,0% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија и Кина, а потоа следуваат: Грција, Србија, Турција, Полска, САД, Романија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Словачка, Шпанија и Унгарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура 91,0% од трговската размена во периодот јануари - март 2021 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2020 година претставува зголемување за 4,3 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 94,0% и 88,7%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е зголемена за 1,8 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 6,1 п.п. во однос на периодот јануари - март 2020 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - III - 2020 | | | | | I - III - 2021 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 1.053,9 | 1.585.463.705 | 61,6131 | 97.685.333.778 | 82,6 | 1.106,2 | 1.941.856.677 | 61,6579 | 119.730.804.816 | 88,7 | 356.392.973 | 22,5 |
| УСД | 571,4 | 346.807.544 | 55,8875 | 19.382.206.642 | 16,4 | 530,1 | 275.884.243 | 51,1330 | 14.106.788.996 | 10,5 | -70.923.302 | -20,5 |
| ГБП | 1,1 | 5.072.103 | 71,6280 | 363.304.592 | 0,3 | 0,5 | 4.252.808 | 70,4653 | 299.675.401 | 0,2 | -819.295 | -16,2 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.626,4 | | | 117.430.845.012 | 99,0 | 1.636,8 | | | 134.137.269.213 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 1.629,6 | | | 118.223.104.684 | 100,0 | 1.641,1 | | | 134.984.743.481 | 100,0 | | 14,2 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи според економската класификација

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2021 година изнесуваа 48.549 милиони денари, односно 6,9% од БДП, што претставува повисоко остварување за 4,4% во однос на истиот период од 2020 година. Ова е втор последователен месец во којшто е забележан годишен раст на приходите, кој во март изнесува 14,2%. Растот е резултат и на пониските приходи во март претходната година, кога се почуствуваа првичните негативни ефекти од пандемијата.

Даночните приходи се реализирани во износ од 27.758 милиони денари и се повисоки за 6,2% во однос на јануари – март 2020 година.

**Графикон 3.1:** Приходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество од 47,2% во вкупните даночни приходи има Данокот на додадена вредност, остварен во износ од 13.092 милиона денари, што претставува зголемување од 11,4% во однос на периодот јануари - март 2020 година. Притоа, ДДВ е наплатен во бруто-износ од 19.351 милион денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат во износ од 6.259 милиони денари (бруто-наплатата е пониска за 4,9%, додека повратот по основ на ДДВ е понизок за 6,4% споредено со јануари - март 2020 година). Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ од увоз којшто забележува повисоко остварување за 6,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележа зголемување од 1,4%.

Акцизите се остварени во износ од 5.116 милиони денари (учество од 18,4% во даночните приходи), што претставува намалување од 1,6% во споредба со истиот

период од 2020 година. Така, од овие два индиректни данока вкупно се остварени приходи од 18.208 милиони денари, што претставува 65,6% од вкупните даночни приходи во периодот јануари - март 2021 година.

Приходите од данокот на личен доход се остварени во износ од 4.429 милиони денари и бележат раст од 0,8% на годишна основа, при што 67,5% од приходите се од плата и други лични примања, 8,6% од приходи од игри на среќа и наградни игри, 7,1% од приходи по основ на договор на дело, 6,1% од приходи од капитал и 10,7% од други видови данок на доход.

Приходите од данокот на добивка во овој период изнесуваа 3.094 милиони денари и забележаа поголемо остварување за 5,0% во однос на истиот период претходната година, главно поради позитивните остварувања во даночните биланси, коишто се зголемија трипати, додека данокот по месечни аконтации се намали за 16,1%.

Приходите од царина се остварени во износ од 1.870 милиони денари и забележаа зголемување од 10,4%. Приходите од други даноци со остварен износ од 157 милиони денари забележаа зголемено остварување за 4,0% во однос на минатата година.

Социјалните придонеси се остварени во износ од 16.301 милион денари, што претставува поголемо остварување за 3,3% споредено со истиот период претходната година. Притоа, наплатата кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување е повисока за 3,3%, кај придонесите за здравствено осигурување за 3,5% и кај придонесите за вработување за 2,3%.

Неданочните приходи се остварени во износ од 3.302 милиона денари и во однос на анализираниот период од 2020 година забележаа пониско остварување за 0,8% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди, се оствариja во износ од 194 милиони денари, што е намалување од 48,7% во однос на периодот јануари – март минатата година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се оствариja во износ од 749 милиони денари и се зголемени за 24,0% во однос на истиот период лани.

## Буџетски расходи според економската класификација

Вкупните расходи на Буџетот во периодот јануари – март 2021 година изнесуваа 55.412 милиони денари, односно 7,8% од БДП, што е за 2,8% повеќе во однос на истиот период од 2020 година.

Во структурата на реализираните вкупни расходи, тековните расходи во износ од 51.432 милиона денари учествуваа со 92,8% и се намалени за 0,9% во однос на истиот период од 2020 година.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk
MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

Платите и надоместоците се реализирани во износ од 7.588 милиони денари што претставува зголемување за 2,9% во однос на периодот јануари - март претходната година, а нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,7%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 3.355 милиони денари и споредено со истиот период од 2020 година забележаа намалување од 2,8%.

**Графикон 3.2:** Расходи по категории
*(износи во милиони денари)*




Извор: МФ.

Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите коишто изнесуваа 38.694 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа пониска реализација за 1,1% споредено со истиот период од 2020 година и истите учествуваа со 69,8% во вкупните расходи.

Средствата за социјални трансфери изнесуваа 29.027 милиони денари, забележаа зголемување од 4,8% и учествуваа со 52,4% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот на пензиското и инвалидското осигурување, коишто зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, се реализирани во износ од 17.750 милиони денари, што е зголемување за 4,8% споредено со истиот период од 2020 година и учествуваат со 32,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, коишто ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 16,2%, при што се намалија за 17,2% и се реализирани во износ од 8.972 милиона денари. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 4.773 милиони денари забележаа зголемување од 1,6% во споредба со периодот јануари - март претходната година. Субвенциите и трансферите изнесуваа 3.639 милиони денари што е за 34,4% помалку споредено со истиот период минатата година.

Каматните расходи изнесуваат 1.795 милиони денари, што е за 6,1% помалку во споредба со истиот период од 2020 година. Расходите за камати од домашно задолжување се зголемени за 6,9%, додека каматите од странско задолжување се намалени за 14,3%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи се реализирани во износ од 3.980 милиони денари, со структурно учество од 7,2% во вкупните расходи, при што забележаа двојно повисока реализација во споредба со периодот јануари - март 2020 година. Највисоко ниво на капитални расходи е остварено преку разделот Министерство за финансии – функции на држава, во износ од 2.910 милиони денари, односно 51,9% од планираните за 2021 година.

## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници, чиј вкупен годишен буџет изнесува 85% од вкупниот буџет на сите буџетски корисници.

**Графикон 3.3:** Структура на расходите по буџетски корисници и раздели *(јануари - март 2021 година)*




Извор: МФ.

Во периодот јануари - март 2021 година, преку разделот Министерство за финансии – функции на држава[4] реализирани се 9.037 милиони денари што претставува 14,6% од предвидените за 2021 година. Отплата на главнина (3.255 милиони денари) е главна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 36,0%. За капитални расходи се издвоени 2.910 милиони денари (51,9% од планираното), односно 32,2% од вкупните расходи на овој буџетски корисник. По основ на каматни плаќања отпаѓаат 19,8% од вкупните расходи, за што се реализирани 1.790 милиони денари, или 20,5% од вкупниот буџет за оваа намена.

Министерството за труд и социјална политика во првите три месеци од 2021 година реализираше 13.036 милиони денари или 24,4% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (68,0%) од расходите во овој период се наменети за тековни трансфери до буџетските фондови, за што се потрошени 8.867 милиони денари или 24,4% од средствата наменети за 2021 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,7% во вкупните расходи и за оваа намена реализирани се 23,8% (2.834 милиони денари) од планираните за 2021 година.

Министерството за образование и наука во анализираниот период изврши буџетски средства во износ од 6.320 милиони денари, што е 23,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Најголем дел од расходите (64,3%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 4.062 милиона денари или 25,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 15,7%, за што се потрошени 993 милиони денари, односно 23,2% од вкупно предвидените.

[4] Во рамките на овој раздел опфатени се активности како што се: навремено сервисирање на обврските на државата по основ на домашно и странско задолжување; редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата; учество во капиталот на меѓународни финансиски институции; плаќање ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА итн.

Во анализираниот период, од страна на Министерството за внатрешни работи вкупно се реализирани 2.658 милиони денари, што претставува 22,2% од сопствениот буџет за 2021 година. Најзначајна расходна ставка претставува плати и надоместоци со учество од 76,3%, за што се потрошени 2.028 милиони денари или 25,1% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 15,0%, за што се реализирани 399 милиони денари или 16,1% од годишниот план.

Министерството за одбрана во периодот јануари - март 2021 година реализираше буџетски средства во износ од 1.842 милиона денари, што е 16,6% од вкупниот буџет за оваа година. Платите и надоместоците имаат најголемо учество во расходите со 55,7%, за што во овој период се реализирани 1.026 милиони денари (24,2% од вкупно предвидените средства за тековната година). Расходите за стоки и услуги учествуваат со 27,9% во вкупните расходи, за што во анализираниот период се потрошени 514 милиони денари, односно 19,2% од вкупно предвидените.

Владата на Република Северна Македонија во првите три месеци од 2021 година реализираше вкупно 593 милиони денари, односно 8,5% од планираните средства за 2021 година. Притоа, субвенциите и трансферите коишто учествуваат со 55,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник беа реализирани во износ од 332 милиона денари (5,9% од предвидените средства).

Министерството за здравство, во периодот јануари - март 2021 година, изврши буџетски средства во износ од 1.292 милиона денари, што е 19,3% од вкупниот буџет за 2021 година. Стоките и услугите имаат најголемо учество во расходите со 46,7%, за што во овој период се потрошени 603 милиони денари или 19,4% од средствата наменети за 2021 година.

Министерството за транспорт и врски во овој период реализираше средства во износ од 613 милиони денари, што е 11,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 10,5% од предвиденото (462 милиона денари).

Во периодот јануари - март 2021 година, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализираше средства во износ од 1.965 милиони денари што претставува 36,9% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со 74,9% во вкупните расходи, реализирани се 34,4% од планираните средства, односно 1.472 милиона денари. Втора најважна ставка е капитални расходи, за којашто се реализирани 466 милиони денари (50,9% од предвиденото), што е 23,7% од вкупните расходи на овој буџетски корисник.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следниот линк (*http://finance.gov.mk/mk/node/693*).

## Буџетско салдо

Во периодот јануари – март 2021 година е остварен дефицит во Буџетот на Република Северна Македонија од 6.863 милиони денари, што претставува 0,97% од

БДП, додека дефицитот на Централниот буџет е остварен во износ од 6.750 милиони денари и претставува 0,96% од БДП.

# 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

## Новвработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

Во март 2021 година во Агенцијата за вработување регистрирани се вкупно 46.660 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени е понизок за 6,1% во однос на март 2020 година.

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Од вкупниот број новвработени 42,0% се вработени на неопределено време, додека другиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи во март 2021 година, 22,0% се од евиденцијата на невработени.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Вкупниот број невработени лица во март 2021 година изнесува 203.661, од кои 145.327 се активни баратели на работа, а 58.334 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец претходната година, вкупниот број невработени лица е зголемен за 5,3%. Во однос на претходниот месец, бројот на невработени е намален за речиси 50.000 лица, што главно се должи на прочистувањето на списокот на невработени лица.

Најголем дел од активните невработени лица (62,2%) се градско население, а според половата структура 49,4% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 64,6% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 26,0% се со завршено средно образование, додека 9,5% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 51,2% од невработените припаѓаат на возрасната група 25 - 49 години. Според времето на чекање на вработување, 52,5%

од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 4,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2021 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,1%. Најголем раст на просечната нето-плата се забележува во следните сектор: Информации и комуникации (10,1,%), Други услужни дејности (8,2%) и Рударство и вадење камен (7,5%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 0,8%.

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 4.4:** Просечна нето-плата по сектори
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во февруари 2021 година оствари годишен раст од 2,7%, а во однос на претходниот месец е пониска за 1,2%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата се забележува во следните сектори: Информации и комуникации (10,2%), Други услужни дејности (8,3%) и Рударство и вадење камен (7,7%). Реалната бруто-плата забележа годишен раст од 0,8 %.

## Пензии

Во март 2021 година во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување евидентирани се 326.237 пензионери. Од вкупниот број пензионери, 67,3% се корисници на старосна пензија, 23,1% се корисници на семејна пензија и 9,7% се корисници на инвалидска пензија.

**Графикон 4.5:** Корисници на пензии и просечна пензија
*(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ.



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

Просечната пензија во март 2021 година изнесува 15.642 денари и е за 2,1% повисока во однос на истиот месец минатата година[5]. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2021 година (последни расположливи податоци) изнесува 55,8%.

Просечната старосна пензија во март 2021 година изнесува 16.911 денари, просечната инвалидска пензија изнесува 14.142 денари, а просечната семејна пензија 12.570 денари. За исплата на пензиите во март 2021 година се потрошени 4.993 милиони денари, што претставува 50,0% од вкупните социјални трансфери.

# 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

**Графикон 5.1:** Валутна структура на депозити и кредити (март 2021 година)



Извор: НБРСМ.

Во март 2021 година, Народната банка ја намали основната каматна стапка за дополнителни 0,25 п.п., односно од 1,5% на 1,25%, откако претходната година ја намали каматната стапка на благајничките записи во три наврати поради условите коишто произлегуваат од мерките за спречување на ширењето на коронавирусот, коишто неповолно влијаат како врз глобалната така и врз домашната економија. Одлуката за понатамошно монетарно олабавување се носи во услови на стабилни движења на девизниот пазар и умерена динамика на инфлацијата, а додека сè уште постои неизвесност од пандемијата и влијанието врз заздравувањето на економијата. Целта на намалувањето на основната каматна стапка до нивото од 1,25%, се очекува да придонесе за намалување на цената на финансирање преку кредити од банките и натамошна кредитна поддршка на приватниот сектор, заради ублажување на ефектите од пандемијата врз домашната економија, којашто сè уште трае.

Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена остана непроменета во однос на минатиот месец и изнесува 0,3%.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

## Примарни пари

Во март 2021 година, примарните пари[6] се зголемија за 19,0% споредено со март 2020 година. Растот на примарните пари се должи на растот на вкупните ликвидни средства за 27,4% и зголемување на готовите пари во оптек за 10,2%.

На месечно ниво, примарните пари се зголемија за 19,9%, што е резултат на растот на вкупните ликвидни средства на банките за 41,0%, додека готовите пари во оптек регистрираа раст од 1,5%.

## Депозитен потенцијал[7]

Вкупните депозити на банките во март 2021 година се зголемија за 0,7% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец, депозитите на приватните претпријатија се зголемија за 2,6%, а депозитите на домаќинствата регистрираа раст од 0,2%.

**Графикон 5.2:** Депозити и кредити
*(стапки на раст во %)*




Извор: НБРСМ.

Од аспект на валутата, во март 2021 година споредено со претходниот месец депозитите во домашна валута се зголемија за 0,9%, а депозитите во странска валута регистрираа зголемување од 0,4%.

Вкупниот депозитен потенцијал во март 2021 година оствари раст од 7,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута и депозитите во странска валута се зголемија за 6,2% и 9,1%, соодветно.

Од аспект на секторот, на годишно ниво овој месец депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата бележат раст од 18,2% и 5,2%, соодветно.

Според рочноста, на годишно ниво краткорочните депозити се зголемија за 6,2%, а долгорочните депозити се намалија за 5,4%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и изнесува 59,8%.

---

[6]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[7]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (март2021 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | *439.343* | *0,7%* | *7,4%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *262.690* | *0,9%* | *6,2%* |
| *Странска валута* | *176.653* | *0,4%* | *9,1%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *182.280* | *0,5%* | *6,2%* |
| *Долгорочни* | *103.033* | *-0,1%* | *-5,4%* |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | *361.561* | *0,9%* | *5,2%* |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *211.330* | *0,6%* | *5,1%* |
| *Странска валута* | *150.230* | *1,2%* | *5,3%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *57.747* | *-0,8%* | *-3,4%,* |
| *Долгорочни* | *287.222* | *1,1%* | *8,5%* |
| *Сомнителни и спорни побарувања* | *12.270* | *4,8%* | *-26,1%* |

Извор: НБРСМ

## Кредити на банките

Во март 2021 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,9% во споредба со минатиот месец. Секторската анализа укажува дека кредитите кон претпријатијата регистрираа раст од 0,7%, како и кредитите кон домаќинствата коишто се зголемија за 1,0%. Од аспект на валутата, во март 2021 година, на месечно ниво денарските и девизните кредити се зголемија за 0,6% и 1,2%, соодветно.

На годишна основа, во март 2021 година вкупните кредити се зголемија за 5,2%, во услови на раст на кредитите на домаќинствата од 8,1% и раст на кредитите кон претпријатијата од 2,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 5,1%, а кредитите во странска валута за 5,3%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 8,5%, а краткорочните кредити се намалија за 3,4%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2021 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и изнесува 4,59%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 4,98%, додека каматната стапка на девизните кредити се намали за 0,02 п.п. и изнесува 4,14%.

**Графикон 5.3:** Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Вкупната каматна стапка на депозитите во март 2021 година изнесува 0,89% и е намалена за 0,03 п.п. во однос на минатиот месец. Каматната стапка на денарските депозити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 1,29%, а каматната стапка на девизните депозити регистрираше намалување од 0,04 п.п. и изнесува 0,49%.

## Пазар на капитал

**Графикон 5.4:** Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

На пазарот на капитал, во март 2021 година вкупниот промет на берзата регистрираше пад од 45,6% на месечно ниво како резултат на падот на прометот од класичното тргувањеза 57,8%, како и на намалувањето на прометот од блок трансакците 13,7%.

Вкупниот промет на берзата во март 2021 година изнесуваше 757,5 милиони денари и истиот е намален за 72,8% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 на крајот на март 2021 година изнесуваше 4.845,05 индексни поени, при што на месечно ниво индексот е намален за 3,2%, а во однос на истиот месец претходната година регистрираше раст од 33,7%.

## Девизни резерви

Бруто-девизните резерви на крајот на март 2021 година изнесуваа 3.939,17 милиони евра и во однос на претходниот месец се зголемија за 19,4%, а во однос на март 2020 година регистрираа раст од 30,6%.